Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

ИП1 бр. 29-180
Дата: 06.05.2025 година


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија транспорт и угостителство ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. 7-ми Септември бр. 62 Кавадарци, со адреса на вршење на дејноста-Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели, во Подружница Бензиска пумпа бр. 3 Велес на ул. Моша Пијаде бр. 4 Велес, застапуван од Лазар Мицев-управител. Со Записник бр. 29-180 од 30.04.2025г. придружен со Листа на проверка ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 9-б) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за трговија транспорт и угостителство ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. 7-ми Септември бр. 62 Кавадарци:

   1.1 Да превземе активности за исполнување на мерките утврдени во Елаборатот за заштита на животната средина, одобрен со Решение бр. 11-1854/2 од 25.02.2010г. за вршење на дејноста - Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели на ул. Моша Пијаде бр. 4 Велес и тоа:

   - Да изгради сепаратор за масла и нафтени деривати на отпадни води;

   - Договорно да го уреди предавањето на комуналниот /комерцијалниот отпад од вршењето на дејноста со овластен оператор.

   Рок: 90 (девеесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

[redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број A060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија транспорт и угостителство ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на ул. 7-ми Септември бр. 62 Кавадарци, со адреса на вршење на дејноста-Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели во Подружница Бензиска пумпа бр. 3 Велес, на ул. Моша Пијаде бр. 4 Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали се исполнуваат мерките пропишани во Елаборатот за заштита на животната средина одобрен со Решение со бр. 11-1854/2 од 25.02.2010г., издадено од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

При надзорот беше присутна Сања Неделков– ополномоштено лице (Полномошно бр. 0306-171 од 29.04.2025г.).

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-180 од 11.04.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-180 од 30.04.2025 година, придружен со Листа на проверка и пропратна документација обезбедена при надзорот.

Субјектот на надзор ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Велес врши дејност Трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. На предметната локација-ул. Моша Пијаде бр. 4 Велес се наоѓа Бензиска пумпа за складирање и точење на ТНГ, нафта и нафтени деривати, во сопственост на ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ., пуштена во употреба во 2010г. За влијанијата од вршењето на дејноста врз животната средина е изготвен Елаборат за заштита на животната средина, во кој е извршена оцена на влијанијата врз животната средина, со предвидени мерки за заштита. Елаборатот е одобрен со Решение бр. 11-1854/2 од 25.02.2010г. од Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежен орган.

Во горенаведениот Елаборат за заштита на животната средина во точка 6.1.2 е предвидено да се изгради таложник со одмастувач, односно сепаратор за масла и нафтени деривати на отпадните води, (кои би се јавиле при промивање на поплочените површини по евентуално истекување на нафтените деривати, при манипулација со истите или при дефект на опремата), а отпадната вода по зафаќање на маслените материи да се испушти во канализациониот систем. При надзорот се констатира дека сепаратор со маслофаќач не е изграден, а бензиската пумпа е пуштена во употреба од 2010г.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

Постапување со комуналниот/комерцијалниот отпад кој се создава при вршење на дејноста се врши од страна на овластен постапувач (ЈКП Дервен Велес), со кој не е склучен договор за постапување со комуналниот/комерцијалниот отпад, што не е во согласност со член 63 став 2 од Законот за управување со отпадот во кој е регулирана обврската за склучување на договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата.

Во одобрениот Елаборат за заштита на животната средина се наведува обврска на субјектот на надзор, со отпадот кој се генерира од вршењето на дејноста да се постапува во согласност со Законот за управување со отпадот.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 7 од Законот за животната средина, а врз основа на член 200 став 1 точка 9-б. од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен органили суд, а во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-180, на ден 06.05.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243